Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 27-05-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 22- | 4/3 | 1 | / |

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Архивски број: 13-4464/2
Датум: __.05.2026 година
22-05-2026

До: Влада на Република С. Македонија
Генерален секретаријат

Предмет: Мислење

Почитувани,

По однос на Деловниот и финансискиот извештај за 2025 година и по независниот годишен ревизорски извештај за 2025 година на Песталоззи Фондација детско село Троген Швајцарија подружница во Скопје, Министерството за финансии во рамки на своите надлежности Ве известува за следното:

Согласно член 85 став (1) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр.52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на Република С.Македонија" бр.239/22), организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај за својата работа до Владата на Република С. Македонија за усвојување, а најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година.

Исто така, здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 20.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија е должно да изврши независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако има буџет над 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, е должно да изврши ревизија во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, согласно член 86 став (1) од Законот.

Врз основа на податоците презентирани во Деловниот и финансискиот извештај за 2025 година, Фондацијата остварила вкупно приходи во износ од 10.810.337,00 денари денари, од кои 86,3% односно 9.334.004,00 денари се приходи остварени од донации.

Во делот на расходите, изминатата 2025 година Фондацијата реализирала


Министерство за финансиина
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

расходи во вкупен износ од 9.896.725,00 денари, во кои најголемо учество со 62,3% (6.196.783,00 денари) имаат расходите реализирани на ставката за плати, а 7,47% односно 739.475,00 денари се остварени по основ на други расходи.

Согласно презентираните податоци, Песталоззи Фондација детско село Троген Швајцарија подружница остварила вишок на приходи во износ од 913.612,00 денари.

Ревизијата на работењето на Фондацијата е извршена од друштвото за ревизија Рафајловски Ревизија ДОО Скопје. Според овластениот ревизор, финансиските извештаи се подготвени во согласност со сметководствените политики опишани во белешките и се во согласност со стандардната проектна задача од 2026 година на основачот на Фондацијата (Pestalozzi Children Foundation, Trogen Switzerland).

Имајќи го предвид горенаведеното, по однос на Деловниот и финансискиот извештај за 2025 година и по независниот годишен ревизорски извештај за 2025 година на Песталоззи Фондација детско село Троген Швајцарија подружница во Скопје, Министерството за финансии во рамки на своите надлежности нема забелешки.

Со почит,

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Изработил: Зејније Елмази
Контролирал: Марина Станојкова Арсовски
Орнела Трајкоска Пендевска
Одобрил: Иван Недев

Проверил: Марјана Стефановска

Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансиина
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk